**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Данче Чурлинова**
**именуван за подрачјето на**

**Струмица и Радовиш**
**ул. Ленинова бр.14**
**тел. 034 611-690**

**Образец бр.66**

**И.бр.158/2018**

Извршителот **Данче Чурлинова** од **Струмица** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **АД за изградба и стопанисување со стамбен и со деловен простор од значење за Републиката- Скопје** од со ЕМБГ/ ЕМБС/ ЕДБ и живеалиште/ престојувалиште/ седиште на , засновано на извршната исправа ОДУ.бр.1279/15 од 28.12.2015 на Нотар Соња Божинкочева, против должникот **Славица Петрова** од со ЕМБГ/ ЕМБС/ ЕДБ и живеалиште/ престојувалиште/ седиште на ул,, Ѓорги Василев,, бр. 38/2-1 Струмица, за спроведување на извршување во вредност 277.154,00 ден., на ден 22.04.2024 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА прва продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

-Кп.бр.7374/1, адреса Ѓ.Василев 38, број на зграда 1, намена на зграда А2-1, влез 2, кат ПО, број 1, намена на посебен дел од зграда П, внатрешна површина од 12м2, право-сопственост,

-Кп.бр.7374/1, адреса Ѓ. Василев 38, број на зграда 1, намена на зграда А2-1, влез 2, кат ПР, број 1, намена на посебен дел од зграда ПП, внатрешна површина од 4м2,право сопственост,

-Кп.бр.7374/1, адреса Ѓ. Василев 38, број на зграда 1, намена на зграда А2-1, влез 2, кат ПР, број 1, намена на посебен дел од зграда СТ, внатрешна површина од 60м2, право-сопственост, запишана во имотен лист бр. 53078 за КО Струмица при АКН - Одделение за катастар на недвижности Струмица ,

сопственост на должникот **Славица Петрова**.

**Продажбата ќе се одржи на ден 29.05.2024година во 12.00 часот во просториите на Извршител Данче Чурлинова на ул.,,Ленинова бр.14 Струмица**.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр.158/2018 од 09.04.2024, изнесува 2.430.283,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености Нотарски акт ОДУ бр.1279/15 од 28.12.2015 година на Нотар Соња Божинкочева,Налог за извршување врз недвижностИ.бр.158/2018 од 02.05.2018 г. на Извршител Данче Чурлинова, Налог за извршување кај пристапување кон извршување И.бр.68/2022 од 07.02.2022 на Извршител Данче Чурлинова,Налог за извршување кај пристапување кон извршувае И.бр.120/2024 од 21.03.2024 година на Извршител Данче Чурлинова.. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 300030000178078 која се води кај Комерцијална Банка АД Скопје и даночен број 5027011503164.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Дневен печат Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Данче Чурлинова

Д.-на: Должник,Доверител,Даночно Одделение

Струмица

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд Струмица согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување